**20261983197**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 25 став (3) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25 и 269/25), министерот за јавна администрација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИТЕ ЗА ЛОЖЕНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на утврдување на коефициентите за сложеност на инспекцискиот надзор.

Член 2

(1) Коефициентите на сложеност на инспекциски надзор, се утврдуваат врз основа на следните критериуми:

- условите во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот,
- број на субјекти кои се предмет на инспекциски надзор,
- број на прописи врз основа на кои се врши инспекциски надзор и
- потребно време за вршење на инспекциски надзор.

(2) Според нивото, инспекторот може да врши инспекциски надзор со коефициент на сложеност, како што следува:

- инспектор со ниво Б2 – коефициент на сложеност Q5;
- инспектор со ниво Б3, Б4 и В1 – коефициент на сложеност Q4 и Q5;
- инспектор со ниво В2 – коефициент на сложеност Q2, Q3 и Q4;
- инспектор со ниво В3 – коефициент на сложеност Q1 и Q2.

(3) По исклучок од ставовите 1 и 2 од овој член, поради поефикасно спроведување на инспекцискиот надзор, инспекторот може да врши инспекциски надзор и со понизок коефициент на сложеност утврден во ставот (3) на овој член.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на утврдување на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 20/26).

Член 4

Овој правилник влегува во сила  наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12-3463/2
24 август 2026 година
Скопје

Министер за
јавна администрација,
**Горан Минчев,** с.р.